ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Број 26-664/1
05.06.2025година
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/24) и член 54, став 1 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2005, 25/2014 и 29/2015) претседателот на Советот на општина Пробиштип донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за свикување на 52-та редовна седница на Советот на општина Пробиштип

Ја свикувам 52-та редовна седница на Советот на општина Пробиштип. Седницата ќе се одржи на ден 12.06.2025 година со почеток во 17:00 часот во конференциската сала во Домот на култура Злетовски рудар во Пробиштип.

За седницата на Советот го предлагам следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Пробиштип, за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година,
2. Барање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ Никола Карев Пробиштип за учебната 2025/2026 година,
3. Барање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за учебната 2025/2026 година,
4. Годишен план за вработување на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2026 година,
5. Годишен план за вработување на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2026 година
6. Изменување на Годишен план за вработување на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2025 година,
7. Извештај за проценета штета од елементарна непогода- мраз во месеците март и април 2025 година во Општина Пробиштип,
8. Одлука за оттуѓување на недвижен имот сопственост на Општина Пробиштип,
9. Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Берово
10. Програма за дополнување на Програмата за одбележување на манифестации и настани во Општина Пробиштип за 2025 година,
11. Одлука за продолжување на работното време на угостителскиот објект СРК Маркат дооел Пробиштип за време на одржување на музички настани на Аква парк Пробиштип,

12. Барање од Здружение на граѓани Тера Сапиентиа Злетово
13. Решение за именување на членови во Општински Совет за безбедност во сообраќајот на патиштата на Општина Пробиштип

Прилог: Материјали

Претседател на Советот на
Општина Пробиштип
Дарко Анастасовски с.р.